Република Северна Македонија
**Општина Охрид**

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Одделение за Локален Економски Развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

**ОПШТИНА ОХРИД**

Согласно Г1 Програма за за поддршка на Локален економски развој, („Службен гласник на општина Охрид "бр.09-11545/59 од 29.12.2020) и Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на општина Охрид за субвенционирање на занаетчии на подрачјето на општина Охрид**,** со бр.09-4086/80 од 28.04.2021 година, општина Охрид објавува**:**

## ЈАВЕН ПОВИК
## ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА

### 1. Опис на јавниот повик

**Предмет на Јавниот повик е** директна еднократна парична помош на најпогодената категорија на занаетчии од пандемијата на Ковид – 19, со цел задржување на работните места и зачувување на овие занаети од изумирање, соглсно Регионалната Занаетчиска Комора Охрид.

- Средствата што општина Охрид ќе ги субвенционира се во износ од **9.000 МКД** со вклучен персонален данок на доход.

### 2.Право на учество на јавниот повик имаат:

Право на учество имаат занаетчиските дејности кои се дефицитарни занаети, согласно податоци од Регионална Занаетчиска Комора на Охрид тоа се:

- **Филигран, Изработка на накит, Уметничко творештво, Резабари, Бакорез, Чевлари, Шивачи, Опинчари, РТВ маеханичари и Метлари.**

### 3. Услови кои треба да ги исполнуваат

- Да се регистрирани занаетчии согласно Законот за Занаетчиство како физички и правни лица („Службен весник на РМ" бр. 15/2015) кои влегуваат во дејностите наведени во точка два и кои имаат сопствен дуќан или под закуп лоциран на подрачје на ОпштинаОхрид;
- Занаетчиите кои имаат намирени обврски кон Општина Охрид,(комунална такса – фирмарина) за 2019 и 2020 год заклучно со датата на поднесување на барањето - овие податоци Комисијата надлежна за спроведување на повикот ќе ги обезбеди по службен пат и
- Занаетчиите кои започнале со работење најмалку 1 (една) година пред објавувањето на јавниот повик (регистрација/упис во Регистарот на занаетчии).

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Одделение за Локален Економски Развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

**4. Начин на пријавување на Јавниот повик:**

За надоместување на еднократната парична помош и докажување дека условите за учество на Јавниот повик се исполнети, барателот до општина Охрид треба да достави:

- Барање за субвенционирање на занаетчии на територијата на општина Охрид (Барањето може да се подигне во архивата на Општина Охрид или да се обезбеди од интернет страницата на општина Охрид www.ohrid.gov.mk):
- Копија од Занаетчиска дозвола/лиценца издадена од Регионална Занаетчиска Комора на Охрид на РСМ;
- Тековна состојба од Централниот регистар на РСМ не постара од 6(шест) месеци;
- Барањата за субвенционирање на занаетчии на подрачјето на општина Охрид за 2021 година, заедно со потребната документација, барателите во затворен плик ги доставуваат до соодветната Комисија, преку Архивата на општина Охрид, ул. Димитар Влахов бр.57, секој работен ден од 09:00 до 15:00 часот.
- На пликот треба да е наведено "Јавен повик за субвенционирање на занаетчии на подрачјето на општина Охрид за 2021 година. "
- Архивата на општина Охрид  примените барања ќе ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

Горенаведената документација целосно пополнета се доставува во 1 оригинален примерок.

Ненавремена и нецелосна документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.

**5.Начин на спроведување на јавниот повик**

5.1.Барањата од занаетчиите ќе ги разгледува Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на занаетчии, формирана од Градоначалникот на Општина Охрид .

5.2.Јавниот повик, **ќе се прави запазувајќи го принципот "прв дојден, прв услужен",** односно по редослед на поднесување на апликацијата, до исцрпување на расположивите средства.

5.3. Исплатата на средствата ќе се врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања, се до исполнување на предвидениот буџет за оваа намена.

Република Северна Македонија
**Општина Охрид**

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Одделение за Локален Економски Развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

5.4.Еден Барател/апликант може да користи/аплицира за субвенции само еднаш по објавениот јавен повик.

5.5.Јавниот повик ќе биде објавен на официјалнта веб страница на општина Охрид www.ohrid.gov.mk

5.6.Времетраењето на јавниот повик е од денот на објава на јавниот повик до исцрпување на финансиските средсва наменети за повикот но не подолго од 15 дена од денот на неговото објавување.

**5. Начин на остварување на правото на надоместок**

Градоначалникот на општина Охрид врз основа на Предлогот на комисијата носи решение за одобрување на Барањата за субвенционирање на занаетчиите на подрачјето на општина Охрид.

Сите физички или правни лица(занаетчии) кои ќе бидат субвенционирани ќе бидат дополнително контактирани за доставување на трансакциска сметка.

Комисијата ги известува барателите кои не ги исполниле условите согласно Јавниот повик за одбивање на барањето. Занаетчиите кои нема да бидат субвенционирани, нивните документи ќе бидат вратени.

Прашања за појаснување може да се поставуваат телефонски на 046/262 492 или 493 или писмено по електронски пат до Сектор за локален економски развој info@ohridler.gov.mk.

Одобрил:
Сектор за ТЛЕР
Раководител,
М-р Ѓоко Апостолов

**Општина Охрид**
Градоначалник
Константин Георгиески